ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

**Извештај за извршени контроли во ПЗУ аптеки за периодот јануари-јуни 2011 година**

## 1. ВОВЕД

Фондот за здравствено осигурување на Македонија секоја година склучува Договори за регулирање на односите помеѓу ФЗОМ и здравствената установа за начинот на плаќање на здравствени услуги со кои се врши обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита со ПЗУ аптеки - работни единици на територијата на Република Македонија.

## 2. ЦЕЛ НА КОНТРОЛИТЕ

**Целта** на контролата во аптеките е да врши контрола на:

- стручниот кадар во аптеките,
- начинот на издавање на лек на рецепт на товар на Фондот,
- квалитетна, навремена, економична и ефикасна услуга,
- обезбедување на осигурените лица со лекови за кои не се врши доплата,
- материјалната состојба во аптеката како и контрола на спроведување на другите одредби од договорот меѓу Фондот и ПЗУ аптеки.

Контролите во ПЗУ Аптеки се врши врз основа на Записник чија форма и содржина е во состав на Упатството за контрола на работење на ПЗУ - Аптеки во примарна здравствена заштита кои испорачуваат лекови.

Контролите ги извршуваат републичките контролори од Централната служба и контролорите од Подрачните служби на Фондот.

Во подрачните служби на Фондот капацитетот на контролори е мал и со несоодветно образование, кои покрај контролите на ПЗУ аптеки извршуваат и други работни задачи.

## 3. ВИДОВИ НА КОНТРОЛИ

Контролите во ПЗУ аптеки спаѓаат во теренски контроли кои се вршат во просториите на субјектот за контрола. Теренските контроли можат да бидат:

- **Редовни** - кои се вршат според месечни планови во кои се планираат контролите во Подрачни те служби и/или во Централната служба на Фондот;
- **Вонредни** – се вршат по налог на Директорот на Фондот, по налог на Директорот на Сектор фармација, раководител на подрачна служба или врз
  основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач или на осигурено лице;
- По **барање на комисија** за оценување на услови за изрекување на договорна казна;

## 4. ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈ НА АПТЕКИ СО ДОГОВОР СО ФЗОМ И РЕАЛИЗИРАНИ КОНТРОЛИ ВО АПТЕКИ

Податоците за број на договори кои Фондот ги има склучено со ПЗУ аптеките и за број на извршени контроли во овие аптеки за 2009 и 2010 година се:

- Во 2009 година ФЗОМ има склучено договори со вкупно 651 ПЗУ аптеки – работни единици.

Во текот на 2009 година од страна на републичките контролори и контролорите од подрачните служби на ФЗОМ направени се вкупно 509 контроли на здравствените установи-аптеки. Тоа е **78,2%** од вкупниот број на ПЗУ аптеки-работни единици.

- Во 2010 година ФЗОМ има склучено договори со вкупно 731 ПЗУ аптеки – работни единици. Важноста на овие договори е до **31.03.2011** година.

Во текот на 2010 година од страна на републичките контролори и контролорите од подрачните служби на ФЗОМ направени се вкупно 719 контроли на здравствените установи - аптеки. Тоа е **98,3%** од вкупниот број на ПЗУ аптеки-работни единици.

| | 2009 | 2010 |
|---|---|---|
| број на аптеки | 651 | 731 |
| број на контроли | 509 | 719 |
| % на контроли | 78,2 | 98,35 |




Од **01.04.2011 година** Фондот за здравствено осигурување на Македонија има склучено договор за регулирање на односите помеѓу ФЗОМ и здравствената установа за начинот на плаќање на здравствени услуги со кои се врши обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита со 732 ПЗУ аптеки- работни единици на територијата на Република Македонија. Овие склучени договори се **со важност од 01.04.2011 до 31.03.2012 година**.

Според Правилникот за овластувања и начин на работа на контролата на ФЗО (Сл.весник на РМ бр.105 од 05.08.2010 год.) и Упатството за контрола на здравствените установи-аптеки во примарната здравствена заштита бр.14-6746/1 од 15.04.2011 год. и 14-14026/1 од 05.09.2011 год. овластени лица за контрола вработени во ФЗОМ вршат редовни контроли во ПЗУ аптеки, кои имаат склучено договор со ФЗОМ, со цел да се согледа правилноста во работењето, односно почитување и спроведување на законските, подзаконските акти и прописи, како и одредбите од склучените договори.

Од прегледите и информациите кои од Подрачните служби се доставуваат до Централната служба, планирани контроли, реализирани контроли и број на аптеки кај кои при контролите се констатирани неправилности, **за периодот од 01-06.2011 година**, се прикажани во табелата:

| | број на ПС од кои има планови | планиран бр. на аптеки за контрола | реализиран бр. на контроли | записници доставени до комисија | % на број на ПС од кои има доставено планови | % на планиран бр. на аптеки за контрола | % на реализиран бр. на контроли | % на записници доставени до комисија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 месец | 6 | 25 | 25 | 6 | 20 | 3 | 3 | 24 |
| 2 месец | 16 | 51 | 87 | 13 | 53 | 7 | 12 | 15 |
| 3 месец | 18 | 67 | 61 | 7 | 60 | 9 | 8 | 11 |
| 4 месец | 13 | 57 | 54 | 6 | 43 | 8 | 7 | 11 |
| 5 месец | 15 | 37 | 36 | 6 | 50 | 5 | 5 | 17 |
| 6 месец | 13 | 40 | 40 | 3 | 43 | 5 | 5 | 8 |


90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
6 16 18 13 15 13
25 51 67 57 37 40
25 87 61 54 36 40
6 13 7 6 6 3
20 53 60 43 50 43
3 7 9 8 5 5
3 12 8 7 5 5
24 15 11 11 17 8
број на ПС од кои има планови
планиран бр. На аптеки за контрола
реализиран бр. На контроли
записници доставени до комисија
% на број на ПС од кои има доставено планови
% на планиран бр. На аптеки за контрола
% на реализиран бр. На контроли
% на записници доставени до комисија
1 месец
2 месец
3 месец
4 месец
5 месец
6 месец

| | 1,2,3 месец 2011 | 4,5,6 месец2011 | 1-6 месец 2011 |
|---|---|---|---|
| вкупен бр. На аптеки | 719 | 732 | |
| вкупен бр. На контроли | 173 | 130 | 303 |
| % на контроли | 24 | 18 | 42 |



По барање на Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна во периодот од 01-06.2011 година извршени се **мобилни контроли** во 9 ПЗУ аптеки работни единици и тоа во 7 градови во РМ.

Од секторот за фармација при ФЗОМ со оглед на останатите работни активности, во периодот од 01-06.2011 година извршени се 12 контроли во ПЗУ аптеки-работни единици на територијата на градот Скопје.

Во прилог на извештајот е целосен табеларен приказ на плановите и извршените контроли на територијата на Македонија од 01-06 месец 2011 година.

## 5. НАЈЧЕСТИ НЕПРАВИЛНОСТИ КАЈ ПЗУ АПТЕКИТЕ УТВРДЕНИ СО ИЗВРШЕНИТЕ КОНТРОЛИ

Од извршените контроли во ПЗУ аптеките како ***најчести утврдени неправилности***, кои не се во согласност со новите договори склучени помеѓу ФЗОМ и ПЗУ аптеките, се следните:

- Стручниот-фармацевтскиот кадар во аптеката според документацијата дадена на увид не е во согласност со договорот склучен со Фондот;
- Во Решението за вршење дејност издадено од Министерство за здравство на РМ на аптеката е наведено дека аптеката има дозвола за вршење на промет на мало за лекови од групата на наркотика, а самата аптека не набавува од овој асортиман на лекови на товар на Фондот;
- Несовпаѓање на материјалната состојба (количината) на одредени лекови на лице место во аптеката, со компјутерската евиденција во делот на лагер листата и материјалните картици на лековите;
- Во аптеките нема бар код читач или истиот не се употребува;
- Во аптеките на видно место нема истакнато список на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот кои се без доплата.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

## 6. ЗАКЛУЧОК:

- Со зголемување на бројот на контроли се обезбеди подобро работење на ПЗУ Аптеки, усогласување на работата со одредбите од договорот со Фондот, а со тоа подобра снабденост на осигурениците со лекови на рецепт од Листа на лекови на кои паѓаат на товар на Фондот.

- Сите аптеки на територијата на РМ кои имаат договор со Фондот се исконтролирани најмалку по еднаш во периодот 2010/ 2011 година. Помалите Подрачни служби каде има помал број на аптеки можат пофреквентно да ги контролираат аптеките преку теренска и статична контрола.

  Поголем проблем се поголемите подрачни служби со поголем број на аптеки, пр. ПС Скопје, каде заклучно со 9 месец 2011 година сите аптеки во Скопје се исконтролирани барем еднаш за периодот 2010/2011 година.

  **Прилог**: Табела со планирани и реализирани контроли за период јануари-јуни 2011 година.